# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство: Актуелни судски постапки


Коалиција „Сите за правично судење“

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk


Август, 2020

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ПАНЧЕВСКИ“ КБР.242/19

На 04.08.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени доказите на странките во постапката, а исказ даде и обвинетиот. По заклучување на главната расправа судот јавно ја објави пресудата со која го огласи обвинетиот за виновен и му определи казна ефективен затвор во траење од 3 години и 6 месеци. По изрекување на пресудата мерката притвор беше укината од страна на судот.

## „НАСИЛСТВО ВО ОШПШТИНА ЦЕНТАР“ КБР.1904/16

На 17.08.2020 година, на рочиштето за главна расправа се предлагаа нови докази од страна на одбраната.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 25.08.2020 година, на рочиштето за главна расправа во фаза на доказна постапка беа испитани вкупно пет сведоци предложени од страна на јавното обвинителство.

На 26.08.2020 година, во фаза на доказна постапка беа испитани седум сведоци на предлог на јавното обвинителство.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 31.08.2020 година, главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на двајца сведоци, на предлог на јавното обвинителство.

## „27ми април - ОРГАНИЗАТОРИ“ КОК-2/20

На 18.08.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа испитани три вешти лица.

На 19.08.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази предложени од страна на јавното обвинителство.

На 21.08.2020 година, во фаза на доказна постапка, беа изведени материјални докази на предлог на првообвинетиот во постапката.

На 26.08.2020 година, во фаза на доказна постапка беа изведени материјални докази на предлог на првообвинетиот во постапката.

## „КОЛИБРИ“ КОК-64/20

На 21.08.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени воведни говори од страна на обвинителството и одбраната.

## „ТНТ“ КОК-53/17

На 14.08.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавното обвинителство.

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На 26.08.2020 година, на рочиштето за главен претрес беше сослушан еден сведок предложен од страна на јавното обвинителство.

На 31.08.2020 година, на рочиштето за главен претрес беше сослушан еден сведок, на предлог на јавниот обвинител.

## „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 25.08.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази на предлог на јавното обвинителство.

## „ЛАСКАРЦИ “ КБР.1407/19

На 27.08.2020 година, главната расправа формално започна од почеток, поради промена на судија поротник како член на судечкиот совет. Истата продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на вешто лице.

## „МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ“ КОК-49/20

На 26.08.2020 година, на рочиштето за главна расправа започна доказната постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавното обвинителство, при што за дел од доказите јавноста беше исклучена заради заштита на приватниот живот на обвинетите. Судот дозволи присуство на претставник на Коалицијата „Сите за правично судење“ во својство на стручна јавност, согласно член 355 став 2 од ЗКП.

## „ТИТАНИК 2“ КОК-7/20

На 27.08.2020 година беше насрочено рочиште за главна расправа откако предметот беше вратен од Апелациониот суд на повторно судење. Главната расправа по предметот започна со давање на воведни говори од страна на странките во постапката.